ЦЕНТАР ЗА
ХУМАНИ ОДНОСИ
Бр. 03-211/1
25.12.2020 год
Крушево

# Годишен наративен извештај за работа на НВО Центар за хумани односи – Крушево за 2020 год.

Предлага,
Андигона Ангелеска – претседател на НВО „Центар за хумани односи" - Крушево

Усвојува,
У.О на НВО Центар за хумани односи

Во 2020 година заради ковит – 19 ситуацијата сите наши активности беа сведени на реалзиација на активностите на проектот **„Инклузија во заедницата" финансиски поддржан од Civika Mobilitas.**

Посебен предизвик беше да се организираат активностите согласно ковит протоколите. Спроведивме Анкета во семејставата на згрижувачите 25 и нивните штитеници – 38, потоа во соработка со волонтерите на Црвениот крст – спроведовме анкета уште на 50 граѓани на истата тема. ( **од вкупно 38 штитеници во згрижувачките семејства 32 се на возраст од 3 до 24 години, значи во категорија млади**). Реализиравме три средби за промоција на проектот Инклузија во заедницата со општината и советниците во општина Крушево, со Центарот за социјални грижи и со Дневниот центар за лица со посебни потреби. Поднесовме барање за финансиска помош за потребите на овие семејства која ќе стане дел од БУџетот на општина Крушево за 2021. Набавивме 38 тренерки – како работка облека за лицата со потешкотии при реализацијата на натамошните активности. Заедно со Платформата за развој на туризмот доделивме новогодишни пакетчиња на лицата со посебни потреби. Сите активности беа објавени на facebook страната на Центарот за хумани односи.

Учествуваме во Националниот форум на ГО во Скопје, на кој се обрати Претседателот на државата – г-дин Стево Пендароски.

Поднесивме барање за продолжување на договорот со општина Крушево за користење на просторија за потребите на ГО и добивме потврден одговор.

Заедно со членките на Платформта за развој на туризмот на светскиот ден за туризам 29 септември направиваме скромна свеченост на која градоначалникот на општина Крушево ни додели Благодарница за соработка.

Бевме дел од процесот Форуми на заедницата која општината го спорведуваше и нашиот тим изготви предлог – проектои за набавка на ехо – дијагностичка апаратура за потребите на лицата со потешкотии и на стари лица.

Се вклучивме во **волонтерската активност за уредување на улицата на Тоше Проески** во два наврата. Прво во месеците април и мај, како членки на Платформата за равој на туризмот, а потоа и **од 10 до 15 октомври кога предводевме и координиравме 30 средношколци од СОУ „Наум Наумоски Борче" Крушево.**

Во периодот од мај до септември 2020 заедно со **10 средношколци од СОУ „Наум Наумоски Борче" Крушево, ја реализиравме поставката „Албанска соба" и „Македонска Селска соба" во рамки на ЕТНО саемот Крушево 2020,заедно со Домот на културата во Крушево.**

**Спроведовме анкета „ Лицата со потешкотии во развојот, со нас или меѓу нас" заедно со подмладокот на Црвениот Крст во општина Крушево во рамки на проектот „Инклузија во заедницата".**

Спроведовме у една заедничка акција со **50 средношколци,** а тоа е подготовка на концепциски анкетен прашалник **„ Потенцијалите на спортскиот туризам во општина Крушево" како дел од активностите финансиски поддржани од Општина Крушево.**

Крушево, 25.12.2020 г.